Автор: *Гонце Јаковлеска*
Датум: *октомври 2017г.*
PDF: rejtinzi-na-kandidati-za-gradonacalnici-i-sovetnicki-listi-za-grad-skopje.pdf

Телевизија Телма и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) спроведоа истражувања на јавното мислење на тема: „Локални избори 2017 – Рејтинзи на кандидатите за градоначалник на Скопје и на листите за советници“.

Локалните избори што ќе се одржат на 15 октомври 2017 година во Македонија ќе имаат силно влијание врз политичката ситуација во земјата. За дел од аналитичарите резултатите се клучни за насоката на Македонија кон стабилизација и смирување на политичките тензии или кон враќање во нестабилна ситуација која може да предизвика вонредни парламентарни избори веќе следната година.

Анкетата ги презентира резултатите за градот Скопје и тоа во поглед на изборот за градоначалник и во поглед на изборот на советници во Градскиот совет.

Истражувањето е дел од проектот „Топ тема на ваша страна“ подржана од УСАИД. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект.